Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1233/04
24.02. 2005 год.
Скопје



# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ *МЕТОДОЛОГИЈА И ПСИХОМЕТРИЈА И ПСИХОЛОГИЈА НА МИРОТ*

Со решение на наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет донесено на 23 редовна седница, одржана на 22.XII.2004 година, определени сме за рецензенти по пријавата на проф. д-р Виолета Петроска - Бешка за наставник во сите звања по научните области *методологија и психометрија* и *психологија на мирот*. Откако ги проучивме приложените материјали, слободни сме да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања по научните области *методологија и психометрија* и *психологија на мирот*, објавен во весникот *Утрински весник* на 27.XI.2004, се пријави еден кандидат, проф. д-р Виолета Петроска - Бешка.

### Основни биографски податоци

Проф. д-р Виолета Петроска Бешка е родена во 1956 година во Скопје. Основно училиште и гимназија завршила во Скопје како најдобар ученик во генерацијата. Студиите по психологија ги завршила на Филозофскиот факултет во Скопје, исто така како најдобар студент во генерацијата (среден успех 9,94). Постдипломските студии по психологија ги започнала на Филозофскиот факултет во Белград (насока: психологија на способностите), а ги завршила на Наставничкиот колеџ на Универзитетот "Колумбија" во Њујорк (насока: мерење во психологијата), каде престојувала како Фулбрајтов стипендист во учебната 1981/82 година. Магистрирала на тема "Бодување по веројатност: тестирање на увереноста и диференцијално пондерирање". Во март 1989 година на Филозофскиот факултет во Белград ја одбранила докторската дисертација под наслов "Природата на социјалната интелигенција и можностите за нејзино мерење", со што се стекнала со научен степен доктор на психолошки науки.

**Наставно-научна и стручна дејност**

Во 1980 година се вработила на Филозофскиот факултет во Скопје, прво како приправник, а потоа и како помлад асистент на Институтот за психологија. Во тој период изведувала, главно, вежби по *психометрија*, а помагала и во изведувањето на вежбите по *педагошка психологија* и *статистика во психологијата*. Во 1984 година била избрана, а во 1987 година реизбрана во звањето предавач по предметите *психометрија* (за студентите од Институтот за психологија) и *општа психологија* (за студентите од Институтот за Педагогија). Во 1989 година била избрана за доцент по предметите *психометрија*, *методологија на психолошките истражувања* и *општа психологија*, а во 1994 година за вонреден професор по предметите *методологија на психолошките истражувања* и *психометрија*.

Од учебната 1992/93 година е наставник по предметот *методологија на психолошките истражувања* на магистерските студии при Институтот за психологија. Наставник е и по предметите: *интеркултурална комуникација* на постдипломските студии по комуникација и *разрешување на конфликти и преговарање* на постдипломските студии по политички науки при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Од ноември 2001 е и кораководител на Центарот за човекови права и разрешување конфликти при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Во учебната 1993/94 година држела циклус предавања од *методологија на истражувањата во социјалната работа* на студентите на специјалистички студии при институтот за социјална работа и социјална политика. Во учебната 1996/97 год. го предавала предметот *Психологија на преговарање* на студентите по организација на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Во летниот семестар на учебната 1997/98 година била обучувач на постдипломски курс *Основен практикум од разрешување конфликти* при Меѓународниот центар за соработка и разрешување на конфликти на Наставничкиот колеџ при Универзиртетот "Колумбија" во Њујорк.

Во летниот семестар на учебната 1995/96 година била предавач на тема *Фактори што влијаат врз етничките конфликти* на Институтот за југоисточнаевропска соработка и развој при Американскиот универзитет во Благоевград, Бугарија. Како гостин-предавач држела предавања на тема *Меѓуетничките односи во Република Македонија* за студенти-постдипломци на Универзитетот "Колумбија" во Њујорк (јануари 1997), на Универзитетот на Масачусетс во Амхерст (февруари 1997) и на Хебрејскиот универзитет во Јерусалим (септември 2004).

Учебната 2000/01 ја провела како постар соработник (senior fellow) во Ценинг Рендолф програмата за меѓународен мир при Американскиот Институт за мир во Вашингтон, работејќи на проектот: "Образование за интеркултурализам: подготовка за заедничко живеење во мултикултурно општество".

Покрај ангажираноста во наставно-научната дејност, проф. д-р Виолета Петроска-Бешка покажала и богата стручна активност. Меѓу поважните нејзини стручни ангажмани во земјата спаѓаат следните:

- претседател е на Комисијата за тестирање на склоноста за студирање архитектура, што е дел од приемните испити на Архитектонскиот факултет
- била член на експертска група формирана од Министерството за образование за подготовка на стратегија за реформи во образованието, 1999-2000
- била ментор на специјализантот Ханс Рисер во работата на проектот "Разрешувањето конфликти и мировниот процес во Македонија" -- соработка на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Државниот универзитет во Темпи, Аризона (2003)
- била член на стратешка партнерска група за образование за човекови права во Р. Македонија, формирана од страна на Високиот комесар за човекови права при ООН (2003-2004).
- била член на групата за дијалог во образованието на Европскиот центар за малцински прашања (автор на препораките за мултикултурализам во образованието) (март-декември, 2004)
- член е на бордот на Ромаверситас -- невладина организација за подршка на Ромите во високото образование (од 2003 год.)

Проф. Петроска-Бешка била и сеуште е предавач/обучувач на бројни семинари и работилници од следните области:

- *изработка и користење на тестови на знаење* (за училишни психолози и педагози, за наставници и советници во Бирото за развој на образованието)
- *разрешување конфликти* (за ученици, студенти, наставници, новинари, правници, активисти во невладини организации и сл.)
- *комуникациски вештини* (за ученици, студенти, наставници и училишни психолози)
- *интер-етничка толеранција* (за ученици, студенти, наставници, активисти на невладини организации)
- *вештини за фацилитација* (за наставници-обучувачи вклучени во проекти за реформирање на образованието)

Меѓу поважните стручни ангажмани на проф. Петроска-Бешка вон

- член на мрежата на *Жени во борба за мир (Women Waging Peace)* формирана и поддржувана од страна на Фондацијата "Хант-алтернативи" и Кенедијавата школа за управување при Универзитетот "Харвард", Кембриџ, САД (од 1999 год.)
- член на меѓународната експертска група за истражување во областа на образованието за мир при Универзитетот на Хаифа, Израел (од 2000 год.)
- регионален експерт на UNDP во мисија за истражување на можноста за отварање регионален центар за разрешување конфликти во Романија (ноември 1999)

**Активности во проекти по изборот за редовен професор**

По нејзиниот избор за редовен професор таа учествувала, како раководител, кораководител, консултант на проект или како член, во следниве проекти:

- 1994-2001 -- *Проект за разрешување на етничките конфликти (ПРЕК).* Филозофски факултет, Скопје -- раководител на проектот
- 1994-2004 -- *Игри за разрешување конфликти* (едукативна програма за ученици од IV одделение), ПРЕК / ЦЧПРК (Центар за човекови права и разрешување конфликти) -- раководител на проектот и автор на програмата
- од 1995 -- *Етничките стереотипи кај студентите на Педагошкиот факултет во Скопје* (научно-истражувачки проект). ПРЕК / ЦЧПРК (раководител на проектот)
- 1995-1999 -- *Разбирање на конфликтите* (едукативна програма за ученици, наставници и родители), ПРЕК -- раководител на проектот и прв автор на програмата
- од 1997 -- *Почитување на разликите* (едукативна програма за ученици од етнички мешани средни училишта), ПРЕК / ЦЧПРК -- раководител на проектот и автор на програмата
- 1997-2000 -- *Етничкиот идентитет на Македонците и Албанците од Република Македонија и можноста за формирање на граѓански ориентиран идентитет* (научно-истражувачки проект). Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, (раководител на проектот)
- 1998-2002 -- *Мозаик: билингвални (македонско-албански) групи во градинки.* Потрага по заедничка основа, ПРЕК / ЦЧПРК -- кораководител на проектот и носител на програмата

- 1999, 2001, 2004 -- *Етнички и полови стереотипи кај децата: Влијание на образовната серија "Наше маало"* (научно-истражувачки проект). Потрага по заедничка основа (кораководител на проектот)
- 1999-2000 -- *Наше маало* (образовна телевизиска серија за деца), Потрага заедничка основа -- член на содржинскиот тим на серијата
- 2001-2002 -- *Разбирање на сегашната историја* (работилници за наставници по историја и ученици од етнички мешани средни училишта), ЦЧПРК -- кораководител на проектот и коавтор на програмата
- 2002 – *Програма за градење на пост-конфликтна доверба во Р. Македонија.* Меѓународна алијанса (надворешен евалуатор)
- од 2002 -- *Школа за човекови права* (работилници за етнички мешани групи ученици), ЦЧПРК и Хелсиншки комитет за човекови права во Р. Македонија -- консултант на проектот
- 2002-2003 -- *Исти, слични, различни* (едукативна програма за ученици од IV одделение од етнички мешани училишта), ЦЧПРК -- кораководител на проектот
- од 2003 -- *Школа на толеранција* (глобална програма за подобрување на демократските и меѓуетничките односи во гимназијата во Гостивар) -- ЦЧПРК и Хелсиншки комитет за човекови права во Р. Македонија -- кораководител на проектот и коавтор на програмата
- 2003-2004 -- *Развивање на заедниците преку подобрување на меѓуетничките односи* -- ЦЧПРК и Европска перспектива -- кораководител на проектот
- 2004-2005 – *Односот кон хомосексуалноста во Македонија* (научно-истражувачки проект). ЦХРЦР (кораководител на проектот)

**Учество на научно-стручни средби по изборот за редовен професор:**

- конференција на граѓанското општество: *Хашки апел за мир (The Hague Appeal for Peace),* Хаг, Холандија, 11-14 мај 1999 (панел излагање на тема *Последиците од Косовската војна врз меѓуетничките односи во Македонија*)
- семинар: *Демократски развој во Данска и Република Македонија (Democratic Development in Denmark and the Republic of Macedonia)*, Дански хелсиншки комитет, Копенхаген, 14-21 мај 1999 (учесник)
- меѓународна летна школа: *Сликата за другиот (The Image of the Other)*, Фондација Отворено општество Македонија, Скопје, 10-30 јули 1999 (предавач на тема: *Перцепции, стереотипи и предрасуди*)

- Основачка конференција на *Жените во борба за мир (Women Waging Peace).* Harvard Kennedy School of Government and Hunt Alternatives. Кембриџ, Масачусетс, САД, 3-18 декември 1999 (учесник)
- *Меѓународна работилница за истражување на образованието за мир,* Универзитет на Хаифа: Центар за истражување на образованието за мир, Хаифа, Израел, 21-26 мај, 2000 - учесник со труд *Образованието за мир како рамка за промени во севкупниот образовен систем*
- меѓународен семинар: *Стратегии на образовните реформи во семјите на Југоисточна Европа (Strategies of Educational Reform in SEE Countries).* Блед, Словенија, 7-10 јуни 2000 - учесник
- конференција: *Култура, конфликт и вредности (Culture, Conflict and Values),* Американско друштво за интеркултурно образование, обука и истражување и Универзитет "Џорџ Мејсон", Ферфакс, Вирџинија, САД, 2-5 ноември 2000 (учесник)
- Втора конференција на *Жените во борба за мир (Women Waging Peace).* Харвард Кеннедѕ Сцхоол оф Говернмент анд Хунт Алтернативес. Кембриџ, Масачусетс, САД, 28-30 ноември 2000 (учесник во секција за истражување на мирот)
- регионален семинар: *Мирот вон граници (Peace Beyond Boundaries),* Меѓународен центар за преговарање и разрешување конфликти, Охрид, 16-23 јуни 2002 (водител на семинарот и предавач на тема *Етничка дистанца: Перцепциите за Македонците, Албанците, Србите, Грците, Бугарите и Турците*)
- Европска конференција: *Намалување на социјалните нееднаквости во здравјето (Reducing Social Inequalities in Helth),* Данско министерство за внатрешни работи и здравство, Копенхаген, Данска, 9-10 декември, 2002 (учество со труд *Општествената клима и справувањето со конфликти*)
- трибина: *Пристапот и проодноста на Ромите во образованието: можности и перспективи,* Ромаверситас, Скопје, април 2003 (излагање на тема *Образование за Ромите*)
- европска конференција: *Младите во Југоисточна Европа: политика на партиципација, оснажнување и социјална инклузија (Youth in South Eastern Europe: Policy for Participation, Empowerment, and Social Inclusion).* Рим, Италија, 29-31 мај 2003 (учество со труд *Образование за мир: Училишни и вонучилишни искуства*)
- *Втора меѓународна работилница за истражување на образованието за мир,* Универзитет на Хаифа: Центар за истражување на образованието за мир, Хаифа, Израел, 8-12 јуни, 2003 (презентер на тема *Што е единственоста на образованието за мир?*)

- семинар: *Образованието во зоните на конфликт*. Асоцијација на деца од Блискиот исток и Американски институт за мир, Ларнака, Кипар, 28-30 ноември 2003 (предавање на тема *Образованието како фактор на сегрегација и интеграција*)
- *Национална консултација за образование за човекови права во Р. Македонија*, 29-30 јануари 2004, Скопје (учество со пленарна презентација за наставните и вон-наставните активности на Центарот за човекови права и разрешување конфликти во образованието за мир и за човекови права)
- меѓународна работилница: *Пост-Охридска Македонија: дизајнирање агенда за вистинско пост-конфликтно градење на мирот*, Институт Евро-Балкан: Центар за демократија и безбедност, Скопје, 1-3 април 2004 (презентација на тема: *Разбирање на оружениот конфликт во Македонија од 2001*)
- семинар: *Образованието во зоните на конфликт*, Институт за истражување на мирот на Блискиот исток и Американски институт за мир, Ерусалим, Израел, 30 април-2 мај 2004 (предавање на тема *Образованието во Македонија: од сегрегација кон интеграција*)
- работилница *Разбирање на конфликтите: Лекции од насилните меѓународни конфликти*, Хебрејски универзитет: Швајцарски центар за истражување на мирот и Американски институт за мир, Ерусалим, Израел, 4-5 мај 2004 (предавање на тема *Разбирање на конфликтот во Македонија*)
- семинар: *Улогата на високото образование во социо-економскиот развој* Приштински летен универзитет 2004, Приштина, 19-22 јули, 2004 (предавање на тема *Методологија на наставата во мулти-етнички општества*)
- Национална конференција *Македонија и Албанија кон трајна соработка во заемно и регионално градење на доверба*, Институт Евро-Балкан: Центар за демократија и безбедност, Скопје, 23 септември 2004 (водител на сесијата за билатералните односи во областа на образованието и културата: достигнувања и пречки)
- *Експертски семинар за образование за човекови права (Expert seminar on Human Rights education)*, Европски центар за истражување и обука за човекови права и демократија, Грац, Австрија, 18-20 ноември 2004 (учество со презентација на тема: *Школа за човекови права во Македонија*)

**Печатени трудови по изборот за редовен професор:**

По нејзиниот избор за редовен професор, таа ги објавила следниве трудови:

- Петроска-Бешка В. (1999). Психолозите - едукатори за разрешување конфликти. *25 години Институт за психологија: зборник*. Скопје: Филозофски факултет.
- Петроска-Бешка В., Најчевска М. и Поповски М. (1999). *Почитување на разликите* (прирачник за едукатори). Скопје: Филозофски факултет, Проект за разрешување на етничките конфликти.
- Petroska-Beška V. (2001). Education for Conflict Resolution: A Contribution to Peacekeeoing in the Republic of Macedonia. Во книгата: Taipale et all. (Eds.) *War or Health?* (a reader). Helsinki: Physicians for Social Responsibility.
- Petroska-Beška V. (2001). Macedonia's perception gap, *Cristian Science Monitor*, Boston.
- Петроска-Бешка В. и Кениг, Н. (2002). Сликата за сопствениот и за другиот етникум кај студентите на педагошкиот факултет во Скопје. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 55*, 105-124.
- Petroska-Beška V. & Najčevska M. (2004). Macedonia: Understanding History, Preventing Future Conflict. *Special report, 115,* Washington, DC: United States Institute of Peace.
- Петроска-Бешка В. (2004). Фокус групите во методологијата на научното истражување. Во зборникот: *30 години Институт за психологија*. Скопје: Филозофски факултет.
- Петроска-Бешка В. (2005). *Посматрањето како истражувачки метод во психологијата*. Скопје: Малинска (во печат).
- Petroska-Beška V. & Kenig N. (2005). The ethnic conflict in Macedonia from the ethnic Macedonians' perspective: Being victims in their own country. Во книгата: G. Irani & V. Volkan (Eds.) *Perspectives from the Front Lines.* Prentice Hall (во печат) .


Поважните трудови на кратко ќе ги прикажеме и ќе ги оцениме.

- *Сликата за сопствениот и за другиот етникум кај студентите на педагошкиот факултет во Скопје* (труд објавен во Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 2002 - прв автор) – Во трудот се презентирани и дискутирани наодите од лонгитудинална студија спроведена на студентите Македонци и Албанци од Педагошкиот факултет во Скопје во неколку последователни наврати: 1996, 1998, 2000, 2002 година. Преку користење на сериозна методолошка постапка, базирана на семантички диференцијал, со трудот се докажува дека студентите од двете етнички групи (а особено Албанците) имаат идеализирана слика за сопствениот етнички селф, доживувајќи го истовремено другиот етникум како лош, моќен и активен

непријател (Македонците за Албанците), односно лош, беспомошен и пасивен противник (Албанците за Македонците). Споредбата долж временските интервали покажува дека, со текот на времето и под влијание на различните социо-политички наставни, двете групи сé повеќе и повеќе се оддалечуваат. Освен научно-истражувачката вредност, од трудот може да се извлече и прагматична корист затоа што непосредно укажува на неопходноста од преземање мерки за прекинување на трендот на зголемување на социјалната дистанца доколку се сака да се избегне сликата за етнички *Другиот* да се претвори во слика за бескомпромисен *Непријател*. - Ова е изворен научен труд.

- *[Македонија: Разбирање на историјата, превенција на идниот конфликт]* (труд објавен како Специјален извештај на Американскиот институт за мир, 2004 - прв автор) – Трудот претставува приказ на искуствата од спроведени работилници со Македонци и Албанци (средношколски професори по историја, ученици од етнички мешани средни училишта и идни наставници на македонски и на албански јазик), на тема "Оружениот конфликт на територијата на Р. Македонија во 2001 година". Трудот има посебна вредност поради тоа што нуди компаративна анализа на резултатите од квалитативно истражување на разликите меѓу гледиштата на Македонците и Албанците во врска со оружениот конфликт, но уште повеќе заради тоа што укажува на специфична методологија за работа со наставниците по историја, која може да придонесе за разбирање и надминување на разликите во постоечките етноцентрични гледишта, крајно оптоварени со емоции и етнички предрасуди. - Ова е стручен труд.

- *Фокус групите во методологијата на научното истражување* (труд објавен во зборникот: 30 години Институт за психологија, 2004) – Трудот го прикажува и објаснува користењето на фокус групите како истражувачки метод и/или како техника на прибирање податоци во научно-истражувачки цели. Така, освен презентирањето на примената, карактеристиките и предностите и недостатоците на истражувањата со фокус групите, во трудот се детално и јасно објаснети сите елементи на постапката на користење на фокус групите во истражувачката методологија. Токму таа димензија му дава на трудот посебната вредност – го квалификува како практичен "прирачник" за планирање и спроведување на истражувања базирани на фокус групи. - Овој труд, исто така, е изворен научен труд.

- *Посматрањето како истражувачки метод во психологијата* (брошура во печат) - Трудот, подготвен и прифатен за објавување како самостојна брошура, го опишува и објаснува основните поставки на користење на методот на систематско посматрање во психолошките истражувања. Наменет првенствено како учебно помагало за студентите по психологија, трудот го објаснува поимот "научно посматрање", ги опишува различните типови на посматрања што се користат во психологијата, ги дискутира предностите и недостатоците на овој метод, истовремено давајќи инструкции за тоа како се планира истражување базирано на систематско посматрање и како се прибираат и обработуваат резултатите од посматрањето. Како и сите претходни трудови на авторот од областа на методологијата, така и овој се одликува со јасност, концизност и компетентност, што го прави трудот достапен не само до аудиториумот на кој е наменет, туку и на пишироката јавност заинтересирана за спроведување на научно истражување од областа на науките што го проучуваат однесувањето на луѓето.- Ова е изворен прегледен труд.

- *[Етничкиот конфликт во Македонија од перспектива на Македонците: жртви во сопствената земја].* (поглавие во универзитетски учебник во печат, под наслов "Перспективи од предните редови" - прв автор) – Пишуван на англиски и наменет да служи како наставно помагало на студенти ширум светот што ќе се занимаваат со проучување на психолошките аспекти на етничките конфликти, трудот ги прикажува чувствата и доживувањето на Македонците за Албанците и ги објаснува причините заради кои Македонците по потпишувањето на Охридскиот договор и "завршувањто" на конфликтот во Македонија се чувствуваат како поразена страна во македонско-албанскиот конфликт во Р. Македонија. Овој труд се вбројува во ретките кои нудат психолошка анализа на меѓу-етничкиот конфликт во Р. Македонија, акцентирајќи ја улогата на емоциите во градењето и одржувањето на конфликтот. - Овој труд е дел од универзитетски учебник.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на досега изнесеното, може да се заклучи дека проф д-р Виолета Петроска - Бешка

- била асистент, предавач, доцент, вонреден и редовен професор по повеќе предмети опфатени со научните области *методологија и психометрија* и

- досега успешно изведувла настава во рамикте на односните научни области како на Филозофски факултет така и на други факултети и институти ;
- учествувала со свои трудови на бројни научни и стручни собири во Р. Македонија;
- учествувала со свои трудови на бројни научни и стручни собири во во странство;
- била раководител, кораководител и стручен консултант на повеќе проекти во земјава и во странство;
- по покана држела предавања на разни универзитети низ светот;
- има објавено компетентни изворни научни трудови.

Можеме да констатираме дека проф д-р Виолета Петроска Бешка е изграден, афирмиран и ценет научник во земјава и во светот.

Врз основа на изнесеното, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет слободни сме да му предложиме проф. д-р Виолета Петроска - Бешка **да ја преизбере за наставник по научните области *Методологија и психометрија* и *Психологија на мирот*, во звањето редовен професор.**

Рецензентска комисија:

Проф д-р Томе Николоски, редовен професор

Проф д-р Зоран Стојановски, редовен професор

Проф д-р Олга Мурџева-Шкариќ, редовен професор

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1233/24
11.04 2005 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133 и 142 став 2 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 869/49 од 15. III 2005 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXV редовна седница, одржана на 6. IV 2005 година, донесе

# О Д Л У К А

за избор на наставник

I

1. **Д-р Виолета Петроска-Бешка** , редовен професор по предметите Методика I, Методика II, Психометрија и Психологија на разрешување конфликти на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е  и з б и р а  во истото звање за научните области и предмети Методологија и психометрија и Психологија на мирот, сметано од 7. IV 2005 година.

2. На именуваната и се продолжува работниот однос на неопределено време.

II

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваната, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски